# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА КАРПОШ

Број 8 * година VIII* 09.07.2013 година * Карпош * цена:

Излегува по потреба

e-mail: kontakt@karpos.gov.mk, www.karpos.gov.mk

Скопје, јули 2013 година

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош, на ден 09.07.2013 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Карпош за 2013 година**

1.Се објавува Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Карпош за 2013 година, донесена на Петтата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 08 јули 2013 година.

2.Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош".

**Број 09-4776/1** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**09.07.2013 година** **НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Скопје** **Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/2002), а во врска со член 34 од Законот за Буџетите („Службен весник на Република Македонија“ бр.64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 98/10, 181/11 и 171/12), Советот на Општина Карпош, на Петтата седница одржана на 08.07.2013 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Карпош за 2013 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Карпош за 2013 година на следниот начин:

| Потпрограма и назив на потпрограмата<br>Потставка и опис на потставката | Буџет | Самофинан. | Дотации | Донации | Кредити |
|---|---|---|---|---|---|
| **Е00 ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА** | | | | | |
| 427110 Привремени вработувања | 5.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Ј40 ЈАВНА ЧИСТОТА** | | | | | |
| 427110 Привремени вработувања | 1.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **ЈD0 ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И УЛИЦИ** | | | | | |
| 482130 Реконструкција на улици, патишта и автопати | -6.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **N10 ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | | |
| 421210 Централно греење | 0 | -46.000 | 0 | 0 | 0 |
| 420120 Патување во земјата – патни расходи | 0 | 46.000 | 0 | 0 | 0 |
| | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“ и станува составен дел на Буџетот на општината за 2013 година.

**Број 07-4578/4**
**08.07.2013 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош, на ден 09.07.2013 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програмата за изменување на Програмата за активностите на Општина Карпош од обласа на локален екомонски развој за 2013 година**

1.Се објавува Програмата за изменување на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на локален економски развој за 2013 година, донесена на Петтата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 08 јули 2013 година.

2.Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош".

**Број 09-4776/2**
**09.07.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 3 и член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Карпош, на Петтата седница, одржана на 08.07.2013 година, донесе

**Програма**
**за изменување на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на локален екомонски развој за 2013 година**

I. Во Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на локален економски развој за 2013 година („Службен гласник на Општина Карпош” бр. 15/2012), во глава II Проекти за реализација, во точка 2 „Учество на меѓународен саем на општини од Југоисточна Европа – НАЛАС ЕКСПО“, во делот Буџет, износот „1.800.000,00 денари“ се заменува со износот „2.300.000,00 денари“.
II. Во глава III ФИНАНСИРАЊЕ, во став 1, износот „6.290.000,00 денари“ се заменува со износот „6.790.000,00 денари“.
III. Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 07-4578/5
08.07.2013 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Сашо Лазаровски, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош, на ден 09.07.2013 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлуката за донесување на измена и дополнување на Предлог - Детален урбанистички план за дел од У.З. Тафталиџе 30 - локалитет Алумина и дел од населба Козле, Кузман Јосифовски Питу, блокови 36 и 37, Општина Карпош - Скопје**

1.Се објавува Одлуката за донесување на измена и дополнување на Предлог - Детален урбанистички план за дел од У.З. Тафталиџе 30 - локалитет Алумина и дел од населба Козле, Кузман Јосифовски Питу, блокови 36 и 37, Општина Карпош - Скопје, донесена на Петтата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 08 јули 2013 година.

2.Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош".

**Број 09-4776/3**<br>**09.07.2013 година**<br>**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**<br>**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**<br>**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 26, став 4, алинеја 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија” бр.51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 144/12 и 55/13) и член 16 од Статутот на Општината Карпош („Службен гласник на Општина Карпош” бр. 1/06), Советот на Општина Карпош, на Петтата седница одржана на 08.07.2013 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за донесување на измена и дополнување на Предлог - Детален урбанистички план за дел од У.З. Тафталиџе 30 - локалитет Алумина и дел од населба Козле, Кузман Јосифовски Питу, блокови 36 и 37, Општина Карпош - Скопје**

**Член 1**

Со оваа Одлука се донесува измена и дополна на Детален урбанистички план за дел од У.З. Тафталиџе 30-Локалитет Алумина и дел од населба Козле, Кузман Јосифовски Питу, блокови 36 и 37, Општина Карпош - Скопје

Деталниот урбанистички план е изработен според одредбите за спроведување на Генералниот урбанистички план на Град Скопје, Законот за просторно и урбанистичко планирање, барањата во Програмата за содржината на Планот, Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање и Правилникот за поблиска содржина и начинот на графичка обработка на плановите и за начинот и постапката за донесување на урбанистички планови.

**Член 2**

Просторот за кој се утврдува Деталниот урбанистички план е дефиниран со следните граници:

- на север : по оска на улица Прашка
- на исток : по оската на булевар 8ми Септември, преку Јужен булевар поминува на осовина на улица Братфортска
- на југ: оди по граница на наменска зона преку улица Јуриј Гагрин, поминува на осовината улица Миле Поп Јорданов до пресекот на улица Новопланирана 1
- на запад: оди по осовина на улица „6“, потоа преминува на западната граница на К.П.3180 и К.П.3306 и северната граница на К.П.3307, К.П.3308 и К.П.3309, за на крајот да продолжи по осовината на улица „5“ (по границата на наменската зона дефинирана со ГУП)

Површината на урбаниот опфат изнесува 21.25 ха.

**Член 3**

Опфатот на Деталниот урбанистички план ги содржи следните намени: домување во станбени згради, големи трговски единици, деловни простори, култура, парковско зеленило, заштитно зеленило, меморијални простори, верски институции, комунална супраструктура, комунална инфраструктура.

Намените предвидени во овој Детален урбанистички план се во согласност со намените во Генералниот урбанистички план на Град Скопје од 2012 година.
Во рамките на планот се предвидени следните класи и намени на земјиштето:

- А2- домување во станбени згради
- Б2 - големи трговски единици
- Б4 – деловни простори
- В3 – култура
- Д1 – парковско зеленило
- Д2 – заштитно зеленило
- Д4 – меморијални простори
- В5 – верски институции
- Е1 – комунална супраструктура
- Е2 – комунална инфраструктура

Максималната висина за градежните парцели наменети за домување во станбени згради изнесува П+4+ПК, П+8+ПК (29.7м) и П+10+ПК (35.70м).
Максимална висина за градежната парцела со намена големи трговски единици, деловни простори, култура изнесува П+1 (12м), П+6 (29м) и П+22 (105м).

Со планот се одредени
- облик и големина на градежна парцела (м2)
- регулациона линија,
- градежна линија која го дефинира просторот во кој може да се гради,
- максимална површина за градба во која може да се развие основата на објектот (м2),
- процент на изграденост (%),
- максимална развиена површина на објект(м2),
- коефициент на искористеност (К),
- намена на објектот,
- максимална висина на објектот ( до завршниот венец ) од ниво на тротоар, сообраќајница или пристапна патека,
- паркирање-гаражирање на возилата во рамките на парцелите.

**Член 4**

Составен дел на оваа Одлука се:
- текстуален дел,
- графички прилози,
- основни праметри за уредување на просторот и
- табеларен приказ на урбанистичките параметри.

**Член 5**

Деталниот урбанистички план се заверува со печат на Општина Карпош и потпис на Претседателот на Советот на Општината.

**Член 6**

Деталниот урбанистички план со сите негови делови се чува во Одделението за урбанистичко планирање на Општина Карпош.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 07-4578/6**
**08.07.2013 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош, на ден 09.07.2013 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
**за објавување на Статутарна Одлука за изменување на Статутот на Општина Карпош**

1.Се објавува Статутарната Одлука за изменување на Статутот на Општина Карпош, донесена на Петтата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 09 јули 2013 година.

2.Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош".

**Број 09-4776/4**
**09.07.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 7 и член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа, („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02), Советот на Општина Карпош, на Петтата седница, одржана на 08.07.2013 година, донесе

## Статутарна Одлука
за изменување на Статутот на Општина Карпош

### Член 1

Во Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006), членот 4 се менува и гласи:

„Општината Карпош е правно лице со седиште на ул.„Радика“ бр.9, бараки бр.1 и бр. 2.“

### Член 2

Оваа Статутарна одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 07- 4578/7**
**08.07.2013 година**
**Скоп је**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош, на ден 09.07.2013 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлуката за ослободување од плаќање надоместок за уредување на градежно земјиште за адаптација и реконструкција на Центар за хемодијализа и адаптација, реконструкција и доградба на Дежурна служба**

1.Се објавува Одлуката за ослободување од плаќање надоместок за уредување на градежно земјиште за адаптација и реконструкција на Центар за хемодијализа и адаптација, реконструкција и доградба на Дежурна служба, донесена на Петтата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 08 јули 2013 година.

2.Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош".

**Број 09-4776/5**
**09.07.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/02), Советот на Општина Карпош, на Петтата седница, одржана на 08.07.2013 година, донесе

## ОДЛУКА
## за ослободување од плаќање надоместок за уредување на градежно земјиште за адаптација и реконструкција на Центар за хемодијализа и адаптација, реконструкција и доградба на Дежурна служба

### Член 1

Се ослободува од обврските за плаќање надоместок за уредување на градежно земјиште за адаптација и реконструкција на Центар за хемодијализа и адаптација, реконструкција и доградба на Дежурна служба во износ од 2.196.996,00 денари, односно за делот од 40% од надоместокот што и припаѓа на Општина Карпош, инвеститорот ЈЗУ Градска општа Болница „ 8 –ми Септември“-Скопје.

### Член 2

Инвеститорот од член 1 на оваа одлука се обврзува изградбата на објектите од комуникациска инфраструктурна мрежа (сообраќајници, паркиралишта, Јавно осветлување, водоводна мрежа, фекална канализациона мрежа, атмосферска канализациона мрежа, ниско-напонска електрична мрежа, топлификациона мрежа и друга останата инфраструктура) да ја изведе со сопствени средства и веднаш потоа истата да ја предаде на стопанственикот на Јавните комунални претпријатија и овластени субјекти.

### Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош”.

**Број 07-4578/8**
**08.07.2013 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош, на ден 09.07.2013 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програма за измена и дополнување на Програмата за работа во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Карпош за 2011 година**

1.Се објавува Програмата за изменување и дополнување на Програмата за работа во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Карпош за 2011 година, донесена на Петтата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 09 јули 2013 година.

2.Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош".

**Број 09-4776/6**
**09.07.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.05/2002), Советот на Општина Карпош на Петтата седница, одржана на 08.07.2013 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за измена и дополнување на Програмата за работа во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Карпош за 2011 година**

1. Во Програмата за работа во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Карпош за 2011 година (“Службен гласник на Општина Карпош” бр. 9/11, 12/11, 19/11 и 12/12), се врши измена во општите урбанистичко-архитектонски услови, на градежните парцели ГП.4.35, ГП.4.40 и ГП.4.48 за локалитет нас.Тафталиџе 1, дадени во табеларниот преглед на градежни парцели за отуѓување со јавно наддавање, кој е составен дел на оваа Програма, со намена на градба – домување во станбени згради, согласно ДУП за дел од нас.Тафталиџе 1 “ Тафталиџе 1 север – југ”донесен со Одлука на Советот на Општина Карпош бр.07-3743/1 од 08.06.2012 година.

2. Исто така се врши дополнување на Програмата со нови градежни парцели за отуѓување на градежно земјиште со јавно наддавање, дадени во табеларниот преглед на градежни парцели за оттуѓување, кој е составен дел на оваа Програма, на локалитетите:

    - Градски парк, ГП.1.7, ГП.1.8, ГП.1.9., ГП.1.10 и ГП.1.11 со намена за градба на објекти за комерцијални и деловни намени, согласно Деталниот урбанистички план – Централен градски парк блок 1,

- ГУЦ Здравко Цветковски, ГП.1.1, со намена за градба на објекти – домување во станбени згради, согласно ДУП за изменување и дполнување на ДУП на дел од УЗ Тафталиџе 30, Блок ГУЦ Здравко Цветковски,
- Алумина, ГП.2.13, со намена спорт и рекреација, согласно ДУП за дел од МЗ Тафталиџе 1, Тафталиџе 30 УБ1,
- Карпош 4, ГП.1.12, ГП.1.11, ГП 1.10, ГП. 1.8, ГП.1.7, ГП.1.6, ГП.1.5, ГП.1.4, и ГП.1.3, со намена - деловни дејности, согласно ДУП за локалитет Карпош 4 Стара телевизија,
- Карпош 3, ГП.2.4, со намена - спортски центар за мали спортови, согласно ДУП УБ Карпош 3 Трговско-спортски центар,

- Алумина, ГП.1.1, со мешана намена: Б2- големи трговски единици, Б4 – деловни простории, В-3 – култура,согласно ДУП Дел од УЗ „Тафталиџе 30”,локалитет Алумина,
- Карпош 2, ГП.1.20, со намена за градба катна гаража, согласно ДУП за дел од Карпош 2, резиденцијални објекти и
- Карпош 3, ГП.1.2, со намена за градба на комунална супраструктура-катна гаража, согласно ДУП изменување и дополнување на ДУП за УБ Карпош 3, “Трговско спортски центар” дел од УБ1 и УБ3.

3. Со влегување во сила на оваа Програма престанува да важи Програмата за измени и дополнување на Програмата за работа во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Карпош за 2011 година (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.7/2013).

4. Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош”.

**Број 07-4578/9**
**08.07.2013 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Сашо Лазаровски, с.р.**

| ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ ЗА ОТТУЃУВАЊЕ | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Р.БР. | Локалитет | ГП бр. | КП бр. | намена на земјиштето | површина во м2 | габарит(м2) | макс.изгр.површина (м2) | проц. на изград.(%) | кофициент на искористеност | висина до венец (м) | ДУП |
| 1 | нас.Тафталиџе 1 | 4,35 | 3006/1 | А2 | 641 | 278 | 1388 | 43.28 | 2,16 | 13,5 | Дел од нас. Тафталиџе 1„Тафталиџе 1 север-југ„ |
| 2 | нас.Тафталиџе 1 | 4,40 | 3060 | А2 | 720 | 359 | 1796 | 49,88 | 2,49 | 15,5 | Дел од нас. Тафталиџе 1„Тафталиџе 1 север-југ„ |
| 3 | нас.Тафталиџе 1 | 4,48 | 3060 | А2 | 743 | 345 | 1725 | 46,43 | 2,32 | 15,5 | Дел од нас. Тафталиџе 1„Тафталиџе 1 север-југ„ |
| 1 | Градски парк | 1,7 | 518/1 | Б4 | 2361 | 1697 | 10182 | 72 | 4,31 | 18,5 | Централен градски парк блок 1 |
| 2 | Градски парк | 1,8 | 518/1 | Б4 | 2013 | 1595 | 9570 | 79 | 4,75 | 18,5 | Централен градски парк блок 1 |
| 3 | Градски парк | 1,9 | 518/1 | Б4 | 867 | 776 | 4656 | 90 | 5,37 | 18,5 | Централен градски парк блок 1 |
| 4 | Градски парк | 1,10 | 518/1 | Б4 | 875 | 786 | 4716 | 90 | 5,39 | 18,5 | Централен градски парк блок 1 |
| 5 | Градски парк | 1,11 | 518/1 | Б4 | 3081 | 2558 | 15348 | 83 | 4,98 | 18,5 | Централен градски парк блок 1 |
| 6 | ГУЦ Здравко Цветковски | 1,1 | 2791/1 | А2 | 4195 | 1984 | 18848 | 47.29 | 4,49 | 24,8 | Изменување и дополнување на ДУП на дел од УЗ Тафталиџе 30, блок ГУЦ Здравко Цветковски |
| 7 | Алумина | 2,13 | 2688/1 2688/2 | Д3 | 7514 | 414 | 621 | 6 | 0,08 | 6 | ДУП за дел од МЗ Тафталиџе 1 , Тафталиџе 30 УБ 1 |
| 8 | Карпош 4 | 1,12 | 815/1 | Б4 | 305 | 166 | 664 | 54,39 | 2,18 | 14 | ДУП за лок. Карпош 4 Стара Телевизија |
| 9 | Карпош 4 | 1,11 | 815/1 | Б4 | 270 | 172 | 688 | 63,61 | 2,54 | 14 | ДУП за лок. Карпош 4 Стара Телевизија |
| 10 | Карпош 4 | 1,10 | 815/1 | Б4 | 1505 | 712 | 2849 | 47,34 | 1,89 | 14 | ДУП за лок. Карпош 4 Стара Телевизија |
| 11 | Карпош 4 | 1,8 | 815/1 | Б4 | 900 | 465 | 2325 | 51,68 | 2,58 | 16 | ДУП за лок. Карпош 4 Стара Телевизија |
| 12 | Карпош 4 | 1,7 | 815/1 | Б4 | 2196 | 1150 | 5749 | 52,36 | 2,62 | 16 | ДУП за лок. Карпош 4 Стара Телевизија |
| 13 | Карпош 4 | 1,6 | 815/1 | Б4 | 3080 | 1500 | 6000 | 48,71 | 1,95 | 14 | ДУП за лок. Карпош 4 Стара Телевизија |
| 14 | Карпош 4 | 1,5 | 815/1 | Б4 | 1018 | 699 | 1398 | 68,68 | 1,37 | 10 | ДУП за лок. Карпош 4 Стара Телевизија |
| 15 | Карпош 4 | 1,4 | 815/1 | Б4 | 2451 | 1659 | 3317 | 67,68 | 1,35 | 10 | ДУП за лок. Карпош 4 Стара Телевизија |
| 16 | Карпош 4 | 1,3 | 815/1 | Б4 | 2121 | 1024 | 5119 | 48,26 | 2,41 | 16 | ДУП за лок. Карпош 4 Стара Телевизија |
| 17 | Карпош 3 | 2,4 | 597 | Д3 | 6365,84 | 698,29 | 1396,58 | 10,97 | 0,22 | 5 | УБ Карпош 3 Трговско-спортски центар |
| 18 | Алумина | 1,1 | 2687 | Б2; Б4; В3 | 39256 | 35330 | 70660; 115660; 196280 | 90 | 5 | 12; 29; 105 | Дел од УЗ "Тафталиџе 30", лок. Алумина |
| 19 | Карпош 2 | 1,20 | 1828 | Е2 | 1212 | 829 | 4974 | 68 | 4,1 | 16 | ДУП за дел од Карпош 2, резиденцијални објекти |
| 20 | Карпош 3 | 1,2 | 562; 566 | Е2 | 4966 | 4617 | 9233 | 93 | 1,86 | 7 | Изменување и дополнување на ДУП за Урбан блок Карпош 3, "Трговско спортски центар" дел од УБ1 и УБ3 |

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош, на ден 09.07.2013 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за утврдување на вклопување на бесправен објект, изграден на КП бр.1362, КО-Карпош во урбанистичко-планска документација со која се врши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето**

1.Се објавува Одлуката за утврдување на вклопување на бесправен објект, изграден на КП бр.1362, КО-Карпош во урбанистичко-планска документација со која се врши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето, донесена на Петтата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 08 јули 2013 година.

2.Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош".

**Број 09-4776/7**
**09.07.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02) и член 2, став 2, алинеја 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објективо урбанистичко-планска документација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/11 и 162/12), Советот на Општина Карпош, на Петтата седница, одржана на 08.07.2013година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување на вклопување на бесправен објект, изграден на КП бр.1362, КО-Карпош во урбанистичко-планска документација со која се врши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето**

**Член 1**

За поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект евидентиран во регистарот на поднесени барања за утврдување на правен статус на бесправни објекти во Општина Карпош УП1 бр.35-180 од 18.03.2011 година, на Јордана Андонова од Скопје, за објект на КП бр.1362, КО-Карпош, Советот на Општина Карпош констатира дека може да се изврши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето и да се изврши вклопување на бесправниот објект согласно одредбите на Правилникот за стандарди за вклопување на бесправните објекти во урбанистичко-планска документација („Службен весник на Република Македонија” бр.56/11 и 162/12).

**Член 2**

Со цел вклопување на објектот од член 1 на оваа одлука, ќе се изработи и донесе урбанистичко-планска документација.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош”.

**Број 07-4578/10**
**08.07.2013 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош, на ден 09.07.2013 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлуката за утврдување на вклопување на бесправен објект, изграден на КП бр.1372, КО- Карпош, во урбанистичко-планска документација со која се врши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето**

1.Се објавува Одлуката за утврдување на вклопување на бесправен објект, изграден на КП.бр.1372, КО- Карпош, во урбанистичко-планска документација со која се врши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето , донесена на Петтата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 08 јули 2013 година.

2.Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош".

**Број 09-4776/8**
**09.07.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/02) и член 2, став 2, алинеја 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/11 и 162/12), Советот на Општина Карпош, на Петтата седница, одржана на 08.07.2013 година, донесе

## О Д Л У К А

**за утврдување на вклопување на бесправен објект, изграден на КП бр.1372, КО-Карпош, во урбанистичко-планска документација со која се врши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето**

### Член 1

За поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект евидентиран во регистарот на поднесени барања за утврдување на правен статус на бесправни објекти во Општина Карпош УП1 бр.35-581 од 21.04.2011 година, на Асан Зеќири –Скопје, за објект на КП бр.1372 КО-Карпош, Советот на Општина Карпош констатира дека може да се изврши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето и да се изврши вклопување на бесправниот објект согласно одредбите на Правилникот за стандарди за вклопување на бесправните објекти во урбанистичко-планска документација („Службен весник на Република Македонија” бр.56/11 и 162/12).

### Член 2

Со цел вклопување на објектот од член 1 на оваа одлука, ќе се изработи и донесе урбанистичко-планска документација.

### Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош”.

**Број 07-4578/11**
**08.07.2013 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош, на ден 09.07.2013 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлуката за утврдување на вклопување на бесправен објект, изграден на КП бр.4482, КО-Карпош, во урбанистичко-планска документација со која се врши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето**

1.Се објавува Одлуката за утврдување на вклопување на бесправен објект, изграден на КПбр.4482, КО-Карпош, во урбанистичко-планска документација со која се врши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето , донесена на Петтата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 08 јули 2013 година.

2.Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош".

**Број 09-4776/9**
**09.07.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02) и член 2, став 2, алинеја 5 од Правилникот за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/11 и 162/12), Советот на Општина Карпош, на Петтата седница, одржана на 08.07.2013 година, донесе

## О Д Л У К А

**за утврдување на вклопување на бесправен објект, изграден на КП бр.4482, КО-Карпош, во урбанистичко-планска документација со која се врши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето**

**Член 1**

За поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект евидентиран во регистарот на поднесени барања за утврдување на правен статус на бесправни објекти во Општина Карпош УП1 бр.35-1721 од 24.06.2011 година, на Љубе Китанов –Скопје, за објект на КП бр.4482, КО Карпош, Советот на Општина Карпош констатира дека може да се изврши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето и да се изврши вклопување на бесправниот објект согласно одредбите на Правилникот за стандарди за вклопување на бесправните објекти во урбанистичко-планска документација („Службен весник на Република Македонија” бр.56/11 и 162/12).

**Член 2**

Со цел вклопување на објектот од член 1 на оваа одлука, ќе се изработи и донесе урбанистичко-планска документација.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош”.

**Број 07-4578/12**
**08.07.2013 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош, на ден 09.07.2013 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

**за објавување на Одлуката за утврдување на вклопување на бесправен објект, изграден на КП бр.3104/1, КО-Ѓорче Петров 4-Влае, во урбанистичко-планска документација со која се врши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето**

1.Се објавува Одлуката за утврдување на вклопување на бесправен објект, изграден на КП бр.3104/1, КО-Ѓорче Петров 4-Влае, во урбанистичко-планска документација со која се врши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето , донесена на Петтата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 08 јули 2013 година.

2.Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош".

**Број 09-4776/10**
**09.07.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02) и член 2, став 2, алинеја 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/11 и 162/12), Советот на Општина Карпош, на Петтата седница, одржана на 08.07.2013 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување на вклопување на бесправен објект изграден на КП бр.3104/1, КО-Ѓорче Петров 4-Влае, во урбанистичко-планска документација со која се врши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето**

**Член 1**

За поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект евидентиран во регистарот на поднесени барања за утврдување на правен статус на бесправни објекти во Општина Карпош УП1 бр.35-1303 од 03.06.2011 година, на Методија Дамчевски од Скопје, за објект на КП бр.3104/1, КО-Ѓорче Петров 4-Влае, Советот на Општина Карпош констатира дека може да се изврши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето и да се изврши вклопување на бесправниот објект согласно одредбите на Правилникот за стандарди за вклопување на бесправните објекти во урбанистичко-планска документација („Службен весник на Република Македонија” бр.56/11 и 162/12).

**Член 2**

Со цел вклопување на објектот од член 1 на оваа одлука, ќе се изработи и донесе урбанистичко-планска документација.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош”.

**Број 07-4578/13**
**08.07.2013 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош, на ден 09.07.2013 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлуката за утврдување на вклопување на бесправен објект, изграден на КП бр.4334/1, КО-Карпош, во урбанистичко-планска документација со која се врши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето**

1.Се објавува Одлуката за утврдување на вклопување на бесправен објект, изграден на КП бр.4334/1, КО-Карпош, во урбанистичко-планска документација со која се врши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето, донесена на Петтата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 08 јули 2013 година.

2.Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош".

**Број 09-4776/11**
**09.07.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/02) и член 2, став 2, алинеја 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/11 и 162/12), Советот на Општина Карпош, на Петтата седница, одржана на 08.07.2013 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за утврдување на вклопување на бесправен објект, изграден на КП бр.4334/1, КО-Карпош, во урбанистичко-планска документација со која се врши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето**

**Член 1**

За поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект евидентиран во регистарот на поднесени барања за утврдување на правен статус на бесправни објекти во Општина Карпош УП1 бр.35-1238 од 01.06.2011 година, на Ратко Новески од Скопје, за објект на КП бр.4334/1, КО-Карпош, Советот на Општина Карпош констатира дека може да се изврши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето и да се изврши вклопување на бесправниот објект согласно одредбите на Правилникот за стандарди за вклопување на бесправните објекти во урбанистичко-планска документација („Службен весник на Република Македонија” бр.56/11 и 162/12).

**Член 2**

Со цел вклопување на објектот од член 1 на оваа одлука, ќе се изработи и донесе урбанистичко-планска документација.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош”.

**Број 07-4578/14**
**08.07.2013 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош, на ден 09.07.2013 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

**за објавување на Одлуката за утврдување на вклопување на бесправен објект, изграден на КП бр.7146/2, КО-Карпош, во урбанистичко-планска документација со која се врши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето**

1.Се објавува Одлуката за утврдување на вклопување на бесправен објект, изграден на КП бр.7146/2, КО-Карпош, во урбанистичко-планска документација со која се врши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето, донесена на Петтата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 08 јули 2013 година.

2.Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош".

**Број 09-4776/12**
**09.07.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02) и член 2, став 2, алинеја 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/11 и 162/12), Советот на Општина Карпош, на Петтата седница, одржана на 08.07.2013 година, донесе

## О Д Л У К А

**за утврдување на вклопување на бесправен објект, изграден на КП бр.7146/2, КО-Карпош, во урбанистичко-планска документација со која се врши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето**

### Член 1

За поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект евидентиран во регистарот на поднесени барања за утврдување на правен статус на бесправни објекти во Општина Карпош УП1 бр.35-236 од 25.03.2011 година, на Милица Тасиќ од Скопје, за објект на КП бр.7146/2, КО-Карпош, Советот на Општина Карпош констатира дека може да се изврши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето и да се изврши вклопување на бесправниот објект согласно одредбите на Правилникот за стандарди за вклопување на бесправните објекти во урбанистичко-планска документација („Службен весник на Република Македонија” бр.56/11 и 162/12).

### Член 2

Со цел вклопување на објектот од член 1 на оваа одлука, ќе се изработи и донесе урбанистичко-планска документација.

### Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош”.

**Број 07-4578/15**
**08.07.2013 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош, на ден 09.07.2013 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
**за објавување на Одлуката за одобрување на средства за реализација на активностите на Карате клубот „КАРПОШ“**

1.Се објавува Одлуката за одобрување на средства за реализација на активностите на Карате клубот„КАРПОШ“, донесена на Петтата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 08 јули 2013 година.

2.Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош".

**Број 09-4776/13** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**09.07.2013 година** **НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Скопје** **Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), Советот на Општина Карпош, на Петтата седница, одржана на 08.09.2013 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за одобрување на средства за реализација на активностите на Карате клубот „КАРПОШ“**

**Член 1**

Со усвојува барањето на финансиска поддршка за реализација на активностите на клубот бр.09-4601/1 од 02.07.2013 година, доставено од Карате клубот „КАРПОШ“ - Општина Карпош -Скопје.

**Член 2**

За реализирање на барањето од член 1 на оваа одлука се одобруваат средства во износ - 80.000,00 денари.

**Член 3**

Средствата од член 2 на оваа одлука да се исплатат од Буџетот на Општина Карпош за 2013 година, Програма ЛО- Спорт и рекреација, ставка 464 - разни трансфери, потставка 464990 - други трансфери.

**Член 4**

За реализацијата на одобрените средства, Карате клубот „КАРПОШ“ е должен до Советот на Општина Карпош да достави извештај.

**Член 5**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе оваа одлука.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 07-4578/16**
**08.07.2013 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош, на ден 09.07.2013 година, донесе

## РЕШЕНИЕ

**за објавување на Одлуката за одобрување на средства за исплата на надомест на надворешни лица ангажирани во работа на Комисијата за давање на мислење по нацрт-планови и давање предлог до Градоначалникот на Општина Карпош за одобрување на локална урбанистичка планска документација**

1.Се објавува Одлуката за одобрување на средства за исплата на надомест на надворешни лица ангажирани во работа на Комисијата за давање на мислење по нацрт-планови и давање предлог до Градоначалникот на Општина Карпош за одобрување на локална урбанистичка планска документација, донесена на Петтата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 08 јули 2013 година.

2.Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош".

**Број 09-4776/14**
**09.07.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/02), Советот на Општина Карпош, на Петтата седница, одржана на 08.07.2013 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за одобрување на средства за исплата на надомест на надворешни лица ангажирани во работа на Комисијата за давање на мислење по нацрт-планови и давање предлог до Градоначалникот на Општина Карпош за одобрување на локална урбанистичка планска документација**

**Член 1**

Со оваа одлука се одобруваат средства во износ од 180.000,00 денари за исплата на надомест на надворешни лица ангажирани во работата на Комисијата за давање мислење по нацрт-планови и давање предлог до Градоначалникот за одобрување на локална урбанистичка планска документација, формирана со Решение бр. 4286/1 од 18.06.2013 година, донесено од страна на Градоначалникот на Општина Карпош.

**Член 2**

Месечниот износ на надоместокот од член 1 на оваа одлука изнесува 15.000,00 денари поединечно за секое ангажирано лице.

**Член 3**

Средствата од член 1 на оваа одлука да се исплатат од Буџетот на Општина Карпош за 2013 година, Програма ЕО-Општинска администрација, ставка-425 договорни услуги, потставка 425990 -Други договорни услуги.

**Член 4**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе оваа одлука.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош”.

**Број 07 -4578/17**
**08.07.2013 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Сашо Лазаровски, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош, на ден 09.07.2013 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за давање согласност за основање на регионален одбор за управување со отпад**

1.Се објавува Одлуката за давање согласност за основање на регионален одбор за управување со отпад, донесена на Петтата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 08 јули 2013 година.

2.Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош".

**Број 09-4776/15**
**09.07.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 14, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/2002), а во врска со член 3 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија“ бр.79/09) и член 27 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општна Карпош“ бр.1/2006), Советот на Општина Карпош, на Петтата седница, одржана на 08.07.2013 година, донесе

## О Д Л У К А
**за давање согласност за основање на регионален одбор за управување со отпад**

**Член 1**

Општина Карпош дава согласност за основање на Регионален одбор за управување со отпад преку кој ќе се остварува соработка со општините во Скопски плански регион на Република Македонија за регионално интегрирано управување со отпад.

**Член 2**

Регионалниот одбор со отпад ќе биде надлежен за: утврдување на нацрт на регионален план за управување со отпад, организирање и следење на примената на регионалниот план, организирање на набавка и избор на добавувачи и градители за елементите за регионалниот систем, организирање на јавна набавка и избор на оператори на регионалниот систем, одобрување на нацрт предлози за единица цена за третман на тон отпад во регионалниот систем, одобрување на нацрт инвестициска програма за развој на регионалниот систем и активностите на избраните оператори.

**Член 3**

За член во Регионалниот одбор за управување со отпад од Општина Карпош, Градоначалникот на Општина Карпош го овластува Јованче Цветаноски.

**Член 4**

Начинот на соработката и надлежностите на регионалниот одбор со отпад, поконкретно ќе бидат утврдени со Договор за воспоставување на регионален одбор за управување со отпад во Скопски плански регион, кој ќе биде склучен од страна на членовите на овој одбор.

**Член 5**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 07-4578/18**
**08.07.2013 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош, на ден 09.07.2013 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за одобрување на средства за реализација на Проектот „АЈДЕ ДА СПОРТУВАМЕ за организација на физичката култура во градинките на територија на Општина Карпош“**

1.Се објавува Одлуката за одобрување на средства за реализација на Проектот „АЈДЕ ДА СПОРТУВАМЕ за организација на физичката култура во градинките на територија на општина Карпош“, донесена на Петтата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 09 јули 2013 година.

2.Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош".

**Број 09-4776/16**
**09.07.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), Советот на Општина Карпош, на Петтата седница, одржана на 8 јули 2013 година, донесе

**О Д Л У К А**

за одобрување на средства за реализација на Проектот „АЈДЕ ДА СПОРТУВАМЕ за организација на физичката култура во градинките на територија на Општина Карпош“

**Член 1**

Со прифаќа проектот„АЈДЕ ДА СПОРТУВАМЕ за организација на физичката култура во градинките на територија на Општина Карпош“, доставен од Здружението на граѓани за спорт и спортска рекреација СПОРТРЕК -Скопје.

**Член 2**

За реализирање на барањето од член 1 на оваа одлука се одобруваат средства во износ од 90.000,00 денари.

**Член 3**

Средствата од член 2 на оваа одлука да се исплатат од Буџетот на Општина Карпош за 2013 година, Програма ЛО- Спорт и рекреација, ставка 464 - разни трансфери, потставка 464990 - други трансфери.

**Член 4**

За реализацијата на одобрените средства, Здружението на граѓани за спорт и спортска рекреација СПОРТРЕК е должно до Советот на Општина Карпош да достави извештај.

**Член 5**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе оваа одлука.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 07-4578/19**
**08.07.2013 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Сашо Лазаровски с.р.**

С О Д Р Ж И Н А

1. Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Карпош за 2013 година,
2. Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на локален економски развој за 2013 година
3. Одлука за донесување на измена и дополнување на Предлог - Детален урбанистички план за дел од У.З.Тафталиџе 30 – локалитет Алумина и дел од населба Козле, Кузман Јосифовски Питу, блокови 36 и 37, Општина Карпош – Скопје,
4. Одлука за изменување на Статутот на Општина Карпош,
5. Одлука за ослободување од плаќање надоместок за уредување на градежно земјиште за адаптација и реконструкција на Центар за хемодијализа на ЈЗУ ГОБ „8-ми Септември“ – Скопје и реконструкција и доградба на Дежурна служба при ЈЗУ ГОБ „8-ми Септември“ – Скопје,
6. Програма за измена и дополнување на Програмата за работа во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Карпош за 2011 година,
7. Одлука за утврдување на вклопување на бесправен објект, изграден на КП бр.1362, КО-Карпош, во урбанистичко-планска документација со која се врши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето,
8. Одлука за утврдување на вклопување на бесправен објект, изграден на КП бр.1372, КО-Карпош, во урбанистичко-планска документација со која се врши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето,
9. Одлука за утврдување на вклопување на бесправен објект, изграден на КП бр.4482, КО-Карпош, во урбанистичко-планска документација со која се врши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето,
10. Одлука за утврдување на вклопување на бесправен објект, изграден на КП бр.3104/1, КО-Ѓорче Петров 4-Влае, во урбанистичко-планска документација со која се врши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето,
11. Одлука за утврдување на вклопување на бесправен објект, изграден на КП бр.4334/1, КО-Карпош, во урбанистичко-планска документација со која се врши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето,
12. Одлука за утврдување на вклопување на бесправен објект, изграден на КП бр.7146/2, КО-Карпош, во урбанистичко-планска документација со која се врши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето,
13. Одлука за одобрување на средства за реализација на актовностите на Карате клубот „КАРПОШ“ – Општина Карпош-Скопје,
14. Одлука за одобрување на средства за исплата на надомест на надворешни лица ангажирани во работа на Комисијата за давање на мислење по нацрт-

планови и давање предлог до Градоначалникот на Општина Карпош за одобрување на локална урбанистичка планска документација,

15. Одлука за давање согласност за основање на регионален одбор за управување со отпад и
16. Одлука за одобрување на средства за реализација на Проектот „АЈДЕ ДА СПОРТУВАМЕ за организација на физичката култура во градинките на територија на Општина Карпош“.

Издавач: Општина Карпош
Уредува: Сектор за правни работи
Адреса: ул.„Радика“ бр. 9, бараки бр.1 и бр.2
Тираж: 25 примероци